ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 24 и 25 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.40/26) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ- ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)**

1. Во Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати биогорива и горива за транспорт - Трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/19 и 258/21), издадена на Друштвото за трговија и услуги ЕКОНИК МАРКЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот поради намалување на капацитетите со кои се врши дејноста и поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги ЕКОНИК МАРКЕТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, со седиште на ул. Костурски Херои 31-9, Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), на 31 март 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ), УП1 бр.11-129/26.

Барателот ја менува лиценцата поради намалување на капацитетите со кои што се врши дејноста и тоа намалување од 500 m³ (5 x 100) на 300 m³ (3 x 100), Имотен лист 1428, КО Оризари-вон град, КП 2384 на локација Порцеланова бр. 56, 57 и 58 сопственост на СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер Сандево, за кои што друштвото има склучено Договор за закуп на недвижен имот од 20.04.2021 година , број УЗП 952/2021 и Анекс бр. 1 на Договор за закуп на недвижен имот, број УЗП 4697/2026, заверени кај нотар Кристина Костовска од Скопје.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилогот, Образец БЛ 22 од Правилникот за лиценци, врз основа на кој се врши менување на лиценцата.

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по барање на носителот врши усогласување на правата и обврските утврдени во лиценцата за вршење на енергетската дејност од точка 1 на оваа одлука со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

Согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, носителите на лиценците за вршење на енергетска дејност издадени до денот на влегувањето во сила на законот, се должни во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на законот, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесат барање за промена на лиценцата согласно одредбите од законот.

Согласно член 297 став (3) од Законот за енергетика*, лиценците за вршење на енергетска дејност кои се променети согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важноста на лиценците.

На 24.06.2025 година Друштвото за трговија и услуги ЕКОНИК МАРКЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, достави до Регулаторната комисија за енергетика Барање за промена на лиценцата УП1 бр.12-1536/25.

Исто така, Регулаторната комисија за енергетика, по службена должност врши усогласување на евидентниот број на лиценцата со член 45 од Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 16, став (1) од Правилникот за лиценци изготви Предлог Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ), која согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.хх од хх јуни 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на хх јуни 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на хх јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика*, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ) на Друштвото за трговија и услуги ЕКОНИК МАРКЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-129/26**
**хх јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

изготвил: Виолета Чокузовска
контролирал: Пајазит Шеапи
Јулијана Димоска Исајловска
одобрил: Enver Elmazi

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за трговија и услуги ЕКОНИК МАРКЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Костурски Херои бр.33/9 Скопје, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- Трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ)

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 10 март 2019 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 10 март 2029 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** НД-ТРГ- 59-2019

6. **Единствен матичен број:** 7052693

7. **Единствен даночен број:** 4080015553O3

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца, се смета купување на големо на Течен нафтен гас (ТНГ), од земјата и странство заради натамошна продажба на трговци на големо и мало со горива или потрошувачи во земјата и странство.

9. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

   Енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Северна Македонија и во странство.

10. **Капацитети со кои се врши енергетската дејност**

    За вршење на енергетската дејност ќе се користат следните резервоари:
    Три резервоари со капацитет од по 100 $m^3$, Имотен лист 1428, КО Оризари-вон град, КП 2384 на локација Порцеланова бр. 56, 57, 58 сопственост на Друштвото за производство, трговија и услуги СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с.Кучевиште, Чучер Сандево, за кои што друштвото има склучено Договор за закуп на недвижен имот од 20.04.2021 година , број УЗП 952/2021 и Анекс бр. 1 на Договор за закуп на недвижен имот, број УЗП 4697/2026, заверени кај нотар Кристина Костовска од Скопје. Носителот на лиценцата е должен да обезбеди деловните простори и простории во кои се врши трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати,

биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Течен нафтен гас (ТНГ), во секое време да ги исполнуваат пропишаните минимално-техничките услови за вршење на дејноста.

Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складира Течен нафтен гас (ТНГ), со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтениот дериват, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,
- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,
- во секое време да има оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во согласност со закон.

**12. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.
Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
    - заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
    - безбедност и здравје при работа,
    - кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
    - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
    - извршување на мониторинг на работењето,
    - вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
    - извршување на годишната програма за ремонти,
4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
5) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**13. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ).

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанок, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.